**20201031472**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 април 2020 година донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.88/20), во член 1 во ставот 2 зборовите „како и“ се бришат, а по зборовите „учебната 2019/2020 година,“ се додаваат зборовите „како и за остварување на правото на посебен додаток, врз основа на издадените наоди, оцени и мислења од соодветен стручен орган, во кои е препорачан контролен преглед, односно повторен преглед - контрола или рекатегоризација“.

Член 2

По членот 3, се додава нов член 3-а , кој гласи:

„Член 3-а

Правото на посебен додаток, остварено врз основа на издадените наоди, оцени и мислења од соодветен стручен орган, во кои е препорачан контролен преглед, односно повторен преглед - контрола или рекатегоризација, во периодот на траење на вонредната состојба, се продолжува за време на траење на вонредната состојба, како и два месеци од денот на престанокот на траењето на вонредната состојба.“

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3203/1
16 април 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.